# З А П И С Н И К

**ЗА ПОДГОТВИТЕЛНО РОЧИШТЕ**
**Одржано пред Основен суд – Кавадарци**

**На ден 30.10.2024 година**

Од судот присутни:

С У Д И Ј А : Лилјана Ситникоска

ТУЖИТЕЛ: Дпту ЕНО ЛАБ ДООЕЛ Кавадарци Јасмин Курузовиќ

ТУЖЕН: АГРОТЕХНИКС ДОО

Записничар: Данче Леова

Предмет: Утврдување на право на сосопственост

Вредност: 2.480.049.00 денари

По објавување предметот во спорот во 12:30 часот пристапија:

Поради немање технички услови, записникот не се снима тонски.

Се констатира дека на денешното рочиште се присутни полномошникот на тужителот адвокат Тоше Берков од Штип од адвокатско друштво Наков и Бошков од Штип. Не е присутен тужениот уредно канет.

По однос на доставата на тужениот со оглед дека се работи за странско правно лице, судот по приемот на тужбата изврши бројни достави на тужбата заради одговор до тужениот и ниту на наведената адеса на седиште на правното лице, седиште на подружница, адреса на управител не беше обезбедена уредна достава. По замоелн пат преку Основен суд Белгрд судот достави барање за достава на тужбата на одговор до тужениот од каде повратно на ден 12.07.2024 година е добиен одговор дека на наведената адреса не псотои именуваната фирма, дека таму има семејна куќа и дека никогаш не била на наведената адреса.

Судот по пошта направил обид да се достави наведеното писмено, па према извештајот какошто е констатирано и во доставите кои директно го врши судот, е наведено дека тужениот се отселил од наведата адреса. Првиот Основен суд Белград направил проверка, а што го направи и овој суд, преку Агенцијата за регистарот, но потврдено е дека седиштето на тужениот е на наведената адреса.

Со оглед на ваквиот начин констатираната состојба за ова рочиште судот уште еднаш достави покана за наведата адреса и потоа доставата ја изврши преку огласна табла.

Поради овие причини, судот донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Подготвително рочиште да се одржи во отсуство на туженият, согласно чл.277 од ЗПП.

Рочиштето е јавно.

По однос на тужбеното барање, а и по побарање појаснување од страна на судот дали е договорен друг начин на пренос од актот за основање на тужителот и зошто договорот кој е склучен за пренос на уделите и за што има приложено зошто договорот кој е склучен за пренос на уделите и за што има приложено доказ за извршена уплата од тужителите, полномошникот на тужителот изјави:

Останувам во целост на наводите во тужбата и тужбеното барање, како и доказите предложени и доставени со неа. Во однос на содржината на договорот за основање на ДОО поточно договорот за основање на Шато Клоштово ДОО с.Крњево Кавадарци, дополнително најавувам писмен доказ договор за основање на ДОО кој ќе го доставм во рок што ќе ми го определи судот, а од содржината на истиот, неспорно ќе може да се утврди дали за пренос на удел во ова правно лице е предвиден друг начин, различен од предвиденото во Законот за трговски друштва. Неспорно е дека помеѓу тужителите и тужениот е склучен договор за пренос на удел и неспорно е дека од страна на тужителите предметните договори за пренос на удел се во целост реализирани, но предметните договори не се спроведени во Централниот регистар од причин што отсуствува нотарска заверка на истите, а отуството на нотрска заслуга е по вина на тужениот, но конкретните причини зошто не дошло до нотаркса заверка на двата предметни договори, сметам дека неспорно ќе се утврдат од предложениот доказ сослушување на сведок - управител на застапник по закон на Шато Клоштово ДОО с.Крњево Кавадарци лицето Марко Ристов од Кавадарци со адреса Блажо Алексов бр.1-3/9 во Кавадарци, како и од вербалниот доказ распит на странки кој го имаме предложено со тужбата.

Подготивителното рочиште заврши.

Согласно чл.275 ст.1 од ЗПП судот оцени дека не постојат пречки за понатамошно постапување и расправаењ по прдметнит спор, поради што во смисла на чл.278 ст.1 од ЗПП го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се закажува главна расправа за ден 16.12.2024 година во 10 часот.

На полномошникот на тужтелот денот и часот соопштен, покана не му се праќа.

За организирањена главната расправ, поккана да се прати до застапникот по закон на тжителот Марика Ристов до предложениот сведок Марко Ристо, второтужителот, а со оглед на фактот дека е лице кое се наоѓа во Шведска, за ова рочиштеистиот се известува прек уполномошникот.

Примерок од овој записник со покана за распит на странка да биде доставено до законскиот застапник на тужениот.

Се задолжува полномошникот на тужителот во рок од 8 дена да достави договор за основање на друштвото Шато Клоштово ДООЕЛ с.Крњево Кавадарци.

Завршено во 13.45 часот.

За тужителот, пол.

За тужениот, пол

Записничар,

С у д и ј а,